Условите за вршење на должноста инспектор утврдени со овој закон се однесуваат на инспекторите вработени во инспекторатите и инспекциските служби организирани како организациони единици во рамките на другите органи на државната управа.

Инспектор може да биде лице кое:

- ги исполнува општите услови утврдени со законот со кој се регулираат правата и обврските на државните службеници или со друг закон,
- ги исполнува посебните услови утврдени со закон и со актот за систематизација на работните места во инспекциската служба,
- поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

1) Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен;
2) Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
3) ECDL: Core - положен,

- има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет во Агенцијата за администрација и
- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

На инспекторот кој при вршењето на работите е изложен на ризик по неговиот живот и здравје може да му се даде додаток на плата, во зависност од видот на ризикот во висина од 10% до 30% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

Работните места, како и висината на износот од ставот (6) на овој член ги определува Инспекцискиот совет.

inspektorëve që nuk janë rregulluar me këtë ligj, do të zbatohen dispozitat e ligjit me të cilin rregullohen të drejtat dhe detyrat e nëpunësve shtetërorë.

Inspektorët janë të autorizuar të zbatojnë procedura dhe punë në pajtim me dispozitat e këtij ligji dhe ligjet që I rregullojnë llojet e caktuara të mbikëqyrjes inspektuese.

Kushtet për kryerjen e detyrës inspektor të përcaktuara me këtë ligj kanë të bëjnë me inspektorët e punësuar në inspektoratet dhe shërbimet inspektuese të organizuara si njësi organizuese në kuadër të organeve tjera të administratës shtetërore.

Inspektor mund të jetë personi, i cili:

- i përmbush kushtet e përgjithshme të përcaktuara me ligjin me të cilin rregullohen të drejtat dhe detyrat e nëpunësve shtetërorë ose me ligj tjetër,
- i përmbush kushtet e veçanta të përcaktuara me ligj dhe me aktin për sistematizim të vendeve të punës në shërbimin inspektues,
- posedon certifikatë të njohur ndërkombëtarisht për punën me programe kompjuterike për punë të zyrës, dhe atë një nga certifikatat në vijim:

1) Certiport: IC3 GS4 Key Applications - i dhënë;
2) Microsoft: MOS Word ose MOS Excell - i dhënë ose
3) ECDL: Core - i dhënë;

- të ketë marrë mendim pozitiv për përshtatshmëri për vendin e punës me dhënie të testit psikologjik dhe testit të integritetit, në Agjencinë për Administratë dhe
- të ketë licencë për inspektor nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues.

Inspektorit i cili gjatë kryerjes së punës është i ekspozuar ndaj rrezikut për jetë dhe shëndet mund t'i jepet shtesë rroge, varësisht nga lloji i rrezikut, në lartësi prej 10% deri 30% nga shuma e rrogës bazë dhe shtesa e rrogës për titull.

Vendet e punës si dhe lartësinë e shumës nga paragrafi (6) i këtij neni, i përcakton Këshilli Inspektues.

**Лиценца за инспектор**

**Член 19**

За стекнување на лиценца за инспектор од соодветната област на инспекциската служба (во натамошниот текст: лиценца за инспектор), кандидатот полага испит за инспектор.

Услов за полагање на испит за инспектор е кандидатот да има најмалку пет години работен стаж во соодветната област на инспекциската служба по дипломирање.

Испитот се спроведува согласно со програмата за испит за инспектор, што по предлог на директорот на инспекторатот, односно раководното лице на инспекциската служба, ја донесува Инспекцискиот совет.

Испитот се спроведува најмалку три пати во текот на една календарска година за секоја област на инспекциските служби.

Испитот за инспектор го спроведува и лиценцата за инспектор ја издава Инспекцискиот совет.

Лиценцата од ставот (1) на овој член има важност од шест години.

Пред истекот на важноста на лиценцата инспекторот повторно полага испит за инспектор.

Испитот од ставот (7) на овој член инспекторот го полага во текот на последната година од важноста на постојната лиценца.

Испитот од ставот (7) на овој член инспекторот има право да го полага три пати, а најдоцна до истекот на важноста на постојната лиценца.

Доколку инспекторот не го положи испитот за инспектор во третиот обид и истече важноста на постојната лиценца му престанува работниот однос.

Инспекцискиот совет ќе определи одговорно лице од редот на вработените во советот кое ќе врши проверка дали пријавените кандидати за полагање на испитот го исполнуваат условот од ставот (2) на овој член.

Доколку кандидатот не го исполнува условот од ставот (2) на овој член, одговорното лице ќе донесе решение со кое му го одбива барањето за полагање, против кое незадоволниот кандидат може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

На одговорното лице од ставот (11) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната

**Licenca për inspektor**

**Neni 19**

Për marrjen e licencës për inspektor nga sfera adekuate e shërbimit inspektues (në tekstin e mëtutjeshëm: licenca për inspektor), kandidati jep provim për inspektor.

Kushti për dhënien e provimit për inspektor është që kandidati të ketë së paku pesë vjet përvojë pune në sferën përkatëse të shërbimit inspektues pas diplomimit.

Provimi realizohet në pajtim me programin për provim për inspektor, të cilin me propozim të drejtorit të inspektoratit, përkatësisht personit udhëheqës të shërbimit inspektues e miraton Këshilli Inspektues.

Provimi realizohet së paku tri herë gjatë një viti kalendarik për çdo sferë të shërbimeve inspektuese.

Provimin për inspektor e realizon edhe licencën për inspektor e jep Këshilli Inspektues.

Licenca nga paragrafi (1) i këtij neni, ka vlefshmëri prej gjashtë vitesh.

Para skadimit të vlefshmërisë së licencës, inspektori përsëri jep provim për inspektor.

Provimin nga paragrafi (7) i këtij neni inspektori e jep gjatë vitit të fundit të vlefshmërisë së licencës ekzistuese.

Provimin nga paragrafi (7) i këtij neni inspektori ka të drejtë ta japë tri herë, e më së voni deri në skadimin e vlefshmërisë së licencës ekzistuese.

Nëse inspektori nuk e jep provimin për inspektor në tentimin e tretë dhe skadon vlefshmëria e licencës ekzistuese, i ndërpritet marrëdhënia e punës.

Këshilli inspektues do të përcaktojë person përgjegjës nga radhët e të punësuarve në këshill e cila do të kryejë kontroll nëse kandidatët e lajmëruar për dhënien e provimit i plotësojnë kushtet nga paragrafi (2) të këtij neni.

Nëse kandidati nuk i plotëson kushtet nga paragrafi (2) të këtij neni, personi përgjegjës do sjellë vendim me të cilën refuzohet kërkesa për dhënien e provimit, kundër të cilës kandidati i pakënaqur mund të ngrit kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të aktvendimit.

Personit përgjegjës nga paragrafi (11) të këtij neni për çdo sesion të provimit të mbajtur i takon kompensim me para, në shumë prej një të tretës nga rroga neto

нето плата во Република Македонија, за што Инспекцискиот совет донесува решение.

Инспекцискиот совет ја издава привремената лиценца за инспектор.

Начинот на полагањето на испитот за инспектор, како и формата и содржината на барањето за полагање на испит и на лиценцата за инспектор, на предлог на Инспекцискиот совет, ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Формата, содржината и образецот на привремената лиценца од став (11) на овој член на предлог на Инспекцискиот совет, ја пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

mesatare në Republikën e Maqedonisë, për çka Këshilli Inspektues miraton aktvendim.

Këshilli Inspektues e lëshon licencën e përkohshme për inspektor.

Mënyrën e dhënies së provimit për inspektor si dhe formën e përmbajtjes së kërkesës për dhënien e provimit dhe licencës për inspektor, me propozim të Këshillit Inspektues, i përcakton ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

Formën, përmbajtjen dhe formularin e licencës së përkohshme nga paragrafi (11) i këtij ligji me propozim të Këshillit Inspektues, i përcakton ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

### Одземање на лиценца за инспектор

### Член 19-а

Инспекцискиот совет е должен да донесе решение со кое на инспекторот ќе му ја одземе лиценцата за инспектор, во случај ако утврди дека:

- ја загубил работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престанало државјанството на Република Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија,
- е осуден за кривично дело во врска со службената должност кое го прави недостоен за инспектор и за вршење на работите во инспекциска служба, со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци,со денот на започнувањето на издржување на казната и
- навршил 64 години старост.

Инспекцискиот совет може да донесе решение со кое на инспекторот привремено ќе му ја одземе лиценцата или привремената лиценца за инспектор и да поведе дисциплинска постапка во случај ако утврди дека инспекторот:

### Heqja e licencës për inspektor

### Neni 19-a

Këshilli Inspektues është i detyruar të miratojë aktvendim me të cilin inspektorit do t'ia heqë licencën e inspektorit, në rast se konstaton se:

- e humb aftësinë e punës me ditën e dorëzimit të aktvendimit të plotfuqishëm për konstatimin e aftësisë së humbur të punës,
- i ndërpritet shtetësia e Republikës së Maqedonisë, me ditën e dorëzimit të aktvendimit për heqje të shtetësisë së Republikës së Maqedonisë,
- është i akuzuar për vepër penale lidhur me detyrën zyrtare e cila e bën të padenjë për inspektor dhe për kryerjen e punëve në shërbimin inspektues, me ditën e plotfuqishmërisë së aktgjykimit,
- i është shqiptuar dënimi ndalim i ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës, me ditën e plotfuqishmërisë së aktgjykimit,
- për shkak të vuajtjes së dënimit me burg në kohëzgjatje më shumë se gjashtë muaj, me ditën e fillimit të vuajtjes së dënimit dhe
- i mbush 64 vjet.

Këshilli Inspektues mund të miratojë aktvendim me të cilin inspektorit përkohësisht do t'ia heqë licencën ose licencën e përkohshme për inspektor dhe të ngrejë procedurë disiplinore në rast se konstaton se inspektori:

- нестручно и несовесно ја извршува работата на инспектор,
- е оценет со годишна оцена “не задоволува”,
- непристојно, навредливо или насилнички се однесува при вршење на работата и работните задачи,
- одбива да дава или дава неточни податоци на Инспекцискиот совет, инспекциските служби, односно на странките,
- незаконито располага со материјалните средства на инспекциската служба,
- одбива да постапи по налог за вршење на надзор даден од Инспекцискиот совет,
- не го почитува Етичкиот кодекс за инспекторите,
- го злоупотребува статусот на инспектор заради лична или материјална корист,
- ги злоупотребува личните податоци на субјектот на надзор или одава класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон и
- работи под дејство на алкохол или наркотични средства.

За случаите од ставот (1) на овој член директорот на инспекторатот, функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на инспекциската служба е должен да го извести Инспекцискиот совет, во рок од седум дена од денот на осознавањето дека се случиле.

Во случаите од ставот (2) на овој член претседателот, членот на Инспекцискиот совет, директорот на инспекторатот, функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на инспекциската служба се должни да побараат поведување на дисциплинска постапка до Инспекцискиот совет во рок од шест месеци од денот на осознавањето на сторената повреда, но не подолго од три години од денот на сторувањето на повредата.

**Постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор**

**Член 19-б**

Барањето за поведување дисциплинска постапка од членот 19-а став (2) од овој закон се доставува до Инспекцискиот совет и содржи име и

- në mënyrë joprofesionale dhe të pandërgjegjshme e kryen punën e inspektorit,
- është vlerësuar me notë vjetore "pamjaftueshëm",
- sillet në mënyrë të pahijshme, fyese dhe të dhunshme gjatë kryerjes së punës dhe detyrave të punës,
- refuzon t'u japë ose u jep të dhëna të pasakta Këshillit Inspektues, shërbimeve inspektuese, përkatësisht palëve,
- në mënyrë të paligjshme disponon me mjete materiale të shërbimeve inspektuese,
- refuzon të veprojë sipas urdhrit për kryerjen e mbikëqyrjes të dhënë nga Këshilli Inspektues,
- nuk e respekton Kodeksin Etik të inspektorëve,
- e keqpërdor statusin e inspektorit për dobi personale ose materiale,
- i keqpërdor të dhënat personale të subjektit të mbikëqyrjes ose jep informata të klasifikuara me shkallë të sekretit të përcaktuar me ligj dhe
- punon nën ndikimin e alkoolit ose mjeteve narkotike.

Për rastet nga paragrafi (1) i këtij neni, drejtori i inspektoratit, funksionari i cili udhëheq me organin, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit inspektues është i detyruar qëta njoftojë Këshillin Inspektues, në afat prej shtatë ditësh nga dita e të kuptuarit se kanë ndodhur.

Në rastet nga paragrafi (2) i këtij neni, Kryetari, anëtari i Këshillit Inspektues, Drejtori i inspektoratit, funksionari i cili udhëheq me organin, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit inspektues është i detyruar të kërkojë ngritje të procedurës disiplinore në Këshillin Inspektues, në afat prej tre deri në gjashtë muaj nga dita e të kuptuarit të shkeljes së kryer, por jo më gjatë se tre vjet nga dita e kryerjes së shkeljes.

**Procedura për përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore të inspektorit**

**Neni 19-b**

Kërkesa për ngritjen e procedurës disiplinore nga neni 19-a paragrafi (2) të këtij ligji, i dorëzohet Këshillit Inspektues dhe i përmban emrin dhe mbiemrin e

презиме на инспекторот, адреса и место на живеење, единствен матичен број, во која инспекциска служба е вработен, опис на дисциплинската повреда и законскиот назив на повредата. Кон барањето се доставуваат и доказите на кои се заснова барањето.

За спроведување на дисциплинската постапка од членот 19-а став (2) од овој закон, Инспекцискиот совет со решение формира дисциплинска комисија составена од еден претставник од Агенцијата за администрација, еден член од редот на вработените во инспекциската служба во која е вработен инспекторот против кој е поведена дисциплинската постапка, како и еден член од редот на раководните инспектори во која било друга инспекциска служба. Со дисциплинската комисија претседава членот на дисциплинската комисија од редот на раководните инспектори во друга инспекциска служба.

Дисциплинската комисија го доставува барањето и доказите лично до инспекторот против кој е поднесено. Инспекторот може писмено да одговори на наводите во барањето и да ги достави своите докази или да даде усна изјава на записник во рок од пет дена од добивањето на барањето.

Дисциплинската комисија од ставот (2) на овој член со барање прибавува дополнителни податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со утврдување на дисциплинската одговорност на инспекторот и е должна да донесе одлука по поведената дисциплинска постапка во рок од 20 дена од денот на поведувањето на постапката.

За својата работа членовите на дисциплинската комисија добиваат соодветен надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува Инспекцискиот совет.

Решението од членот 19-а став (2) од овој закон ќе важи за време на траењето на дисциплинската постапка.

Доколку по поведената дисциплинска постапка од членот 19-а став (2) од овој закон е изречена дисциплинска мерка, инспекторот има право на приговор до Инспекцискиот совет.

Инспекцискиот совет одлучува по поднесениот приговор на инспекторот во рок од три дена од денот на поднесувањето.

Доколку Инспекцискиот совет ја потврди одлуката на дисциплинската комисија истиот носи и решение со кое ќе му ја одземе лиценцата на инспекторот.

Доколку дисциплинската комисија, односно

inspektorit, adresën dhe vendbanimin, numrin amë, në cilin shërbim inspektues është i punësuar, përshkrimin e shkeljes disiplinore dhe emërtimin ligjor të shkeljes. Me kërkesë dorëzohen edhe dëshmitë në të cilat bazohet kërkesa.

Për zbatimin e procedurës disiplinore nga neni 19-a paragrafi (2) i këtij ligji, Këshilli Inspektues me aktvendim formon komision disiplinor të përbërë nga një përfaqësues i Agjencisë për Administratë, një anëtar nga radhët e të punësuarve në shërbimin inspektues në të cilin është I punësuar inspektori kundër të cilit është ngritur procedure disiplinore, si dhe një anëtar nga radhët e inspektorëve udhëheqës në cilindo shërbim tjetër inspektues. Me komisionin disiplinor kryeson anëtari i komisionit disiplinor nga radhët e inspektorëve udhëheqës në shërbimin tjetër inspektues.

Komisioni Disiplinor ia dorëzon kërkesën dhe dëshmitë inspektorit kundër të cilit është parashtruar. Inspektori mundet me shkrim të përgjigjet në pohimet e kërkesës dhe t'i dorëzojë dëshmitë e tij ose të japë deklaratë me gojë në procesverbal në afat prej pesë ditësh nga marrja e kërkesës.

Komisioni Disiplinor nga paragrafi (2) i këtij neni me kërkesë merr të dhëna dhe dëshmi plotësuese që janë me interes për konstatimin e gjendjes në lidhje me përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore të inspektorit dhe është i detyruar që të miratojë vendim pas ngritjes së procedurës disiplinore në afat prej 20 ditësh nga dita e ngritjes së procedurës.

Për punën e tij anëtarët e komisionit disiplinor marrin kompensim adekuat. Lartësinë e kompensimit e përcakton Këshilli Inspektues.

Aktvendimi nga neni 19-a paragrafi (2) të këtij ligji, do të vlejë gjatë kohëzgjatjes së procedurës disiplinore.

Nëse pas procedurës së ngritur disiplinore nga neni 19-a paragrafi (2) të këtij ligji është shqiptuar masë disiplinore, inspektori ka të drejtë kundërshtimi në Këshillin Inspektues.

Këshilli Inspektues vendos për kundërshtimin e parashtruar të inspektorit në afat prej tri ditësh nga dita e parashtrimit.

Nëse Këshilli Inspektues e vërteton vendimin e Komisionit Disiplinor, ai miraton aktvendim me të cilin do t'ia heqë licencën inspektorit.

Nëse komisioni disiplinor, përkatësisht Këshilli

Инспекцискиот совет не најде дисциплинска одговорност, Инспекцискиот совет со решение го отповикува решението за привременото одземање на лиценцата.

Против решението за одземање на лиценцата за инспектор од ставовите (1) и (10) на овој член инспекторот има право да поднесе тужба до Управниот суд.

На инспекторот на кого му е одземена лиценцата за инспектор му престанува работниот однос.

Инспекторот на кој му е одземена лиценцата согласно со ставот (10) на овој член може повторно да полага испит, како и да се стекне со нова лиценца по истекот на три години од денот на престанокот на работниот однос, доколку ги исполнува условите утврдени со закон.

Примерок од решението за одземање, привремено одземање на лиценцата, односно за отповикување на решението за привремено одземање на лиценцата, веднаш се доставува до инспекторот и инспекциската служба во која работи инспекторот.

**Испит за инспектор**

**Член 19-в**

Испитот за инспектор се полага заради проверка на стручната оспособеност на кандидатите за самостојно вршење на инспекциски надзор, како и познавање и примена на прописите од делокругот на работа на инспекциската служба.

Испитот за инспектор се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (студија на случај), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

Испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Првиот дел од испитот се полага по областите:

- општа управна постапка,
- инспекциска постапка,

Inspektues nuk gjen përgjegjësi disiplinore, Këshilli Inspektues me aktvendim e revokon aktvendimin për heqje të përkohshme të licencës.

Kundër aktvendimit për heqje të licencës për inspektor nga paragrafët (1) dhe (10) të këtij neni inspektori ka të drejtë të parashtrojë padi në Gjykatën Administrative.

Inspektorit të cilit i është hequr licenca për inspektor, i ndërpritet marrëdhënia e punës.

Inspektori të cilit i është hequr licenca në pajtim me paragrafin (10) të këtij neni mundet përsëri të jape provim, si dhe të marrë licencë të re pas skadimit të tre viteve nga dita e ndërprerjes së marrëdhënies së punës, nëse i përmbush kushtet e përcaktuara me ligj.

Ekzemplari nga aktvendimi për heqje, heqje të përkohshme të licencës, përkatësisht për revokimin e aktvendimit për heqje të përkohshme të licencës, menjëherë i dorëzohet inspektorit dhe shërbimit inspektues në të cilin punon inspektori.

**Provimi për inspektor**

**Neni 19-v**

Provimi për inspektor jepet për kontroll të aftësive profesionale të kandidatëve për kryerje të pavarur të mbikëqyrjes inspektuese, si dhe njohjes dhe zbatimit të rregullave nga fushëveprimi i punës së shërbimit inspektues.

Provimi për inspektor përbëhet prej dy pjesëve, si vijon:

- pjesa e parë (pjesa teorike), me të cilën kontrollohet njohuria teorike e kandidatëve dhe
- pjesa e dytë (studimi i rastit), me të cilin kontrollohet aftësia për zbatim të ligjeve në praktikë.

Provimi nga paragrafi (1) i këtij neni jepet me shkrim në formë elektronike, me përgjigje të numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

Pjesa e parë e provimit jepet në sferat:

- procedura e përgjithshme administrative,
- procedura inspektuese,

- прекршочна постапка и
- посебна постапка од областа на инспекциската служба за која се издава лиценцата за инспектор.

Вториот дел на испитот се состои од:

- опис на две студии на случај од областа инспекциската служба за која се издава лиценцата за инспектор и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на случаите, а кои произлегуваат од посебната постапка од областа на инспекциската служба за која се издава лиценцата за инспектор.

Испитот го спроведува Инспекцискиот совет во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Инспекцискиот совет, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Инспекцискиот совет.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитот.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Инспекцискиот совет најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитот.“

На кандидатот за време на полагањето на

- procedura për kundërvajtje dhe
- procedura e veçantë nga sfera e shërbimit inspektues për të cilin jepet licencë për inspektor.

Pjesa e dytë e provimit përbëhet nga:

- përshkrimi i dy studimeve të rastit nga sfera e shërbimit inspektues për të cilin jepet licenca për inspektor dhe
- pyetje të cilave kandidati duhet t'u përgjigjet në bazë të analizës së rasteve e të cilat dalin nga procedura e veçantë nga sfera e shërbimit inspektues për të cilin jepet licenca për inspektor.

Provimin e realizon Këshilli Inspektues, në local për dhënie të provimit, me pajisje të veçantë për dhënie të provimit profesional me pajisje materiale-teknike dhe informatike, lidhje interneti dhe pajisje për incizim të dhënies së provimit.

Dhënia e provimit incizohet dhe emetohet drejtpërdrejt në ueb faqen e Këshillit Inspektues, e nëse për shkaqe teknike ndërpritet incizimi, incizimi i gjithë provimit vendoset në ueb faqen e Këshillit Inspektues.

Personi juridik i autorizuar që teknikisht e zbaton provimin obligohet ta bllokojë shtrirjen e radiofrekuencës në hapësirat për dhënien provimit për kohën e zbatimit të provimit.

Agjencia për Komunikime Elektronike (në tekstin e mëposhtëm: AKE) kryen monitorim të përhershëm të bllokimit të shtrirjes së radiofrekuencës në hapësira për dhënien e provimit, me qëllim të pengohet çdo lloj të komunikimit elektronik me rrethin jashtë nga hapësira për dhënien e provimit.

AKE në hapësirën për dhënien e provimit instalon pajisje matëse e cila siguron regjistrim elektronike nga matjet e kryera në kohëzgjatje prej 30 ditëve, dhe e njëjta magazinohet në sistemin kontrollues qendror të AKE.

AKE formon komision treanëtarësh e cila përgatit raport në bazë të regjistrimeve elektronike të magazinuar në sistemin kontrollues qendror të AKE dhe e njëjta dorëzohet deri te Komisioni më së voni në afat prej 15 ditëve nga mbarimi i provimit.

Kandidatit gjatë dhënies së pjesë së parë të

првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичар вработен во Инспекцискиот совет, доколку има технички проблем со компјутерот.

Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

На кандидатот кој при полагањето постапува спротивно од ставовите (11), (12) и (13) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот и му се изрекува забрана за полагање на испитот за инспектор во траење од три години, за што претседателот на Инспекцискиот совет донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Испитни прашања**

**Член 19-г**

Инспекцискиот совет ја формира базата на прашања за првиот и базата на студии на случај за вториот дел на испитот од членот 19-в од овој закон.

За подготвување на прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и студиите на случај од вториот дел од испитот Инспекцискиот совет формира Комисија која ги подготвува и ги верифицира прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и студиите на случај од вториот дел од испитот.

Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од претседател и негов заменик од членовите или вработените во Инспекцискиот совет и шест члена од областите утврдени во член 16 став (12) од овој закон и нивни заменици.

provimit nuk i lejohet shfrytëzimi i ligjeve, ligjeve me komentim dhe sqarim, celularit, mjeteve portative kompjuterike dhe mjeteve tjera teknike dhe informatike, sende paraprakisht të përgatitura dhe ngjashëm.

Kandidatit gjatë kohës së dhënies së pjesës së dytë të provimit, i lejohet shfrytëzimi vetëm i ligjeve (pa komente dhe sqarime) të cilat në versionin elektronik gjenden në kompjuter në të cilin kandidati e jep provimin.

Kandidatit gjatë kohës së dhënies së provimit të pjesës së parë dhe të dytë nuk i lejohet të kontaktojë me kandidatë tjerë ose persona përveç me informatikan të punësuar në Këshillin Inspektues, nëse ka problem teknike me kompjuterin.

Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e nëse nuk mënjanohen në këtë afat i njëjti vetëm për atë kandidat ndërpritet dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

Kandidatit i cili gjatë dhënies së provimit vepron në kundërshtim me paragrafët (11) (12) dhe (13) të këtij neni nuk do t'i lejohet dhënia e më tejshme e provimit dhe i vendoset i një ndalesë për dhënien e provimit për inspektori në afat prej tre vitesh, për çka kryetari i Këshillit të Inspektues miraton vendim kundër të cilit ju mund të ngritë kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

**Pyetjet e provimit**

**Neni 19-g**

Këshilli inspektues e formon bazën e pyetjeve për pjesën e parë dhe bazën e studimeve të rastit të pjesës së dytë të provimit nga neni 19-v të këtij ligji.

Për përpilimin e pyetjeve të pjesës së parë dhe pyetjet e studimeve të rastit të pjesës së dytë të provimit, Këshilli inspektues formon Komision që i përpilon dhe verifikon pyetjet e pjesës së parë të provimit dhe pyetjet dhe studimet e rastit nga pjesa e dytë e provimit.

Komisioni nga paragrafi (2) i këtij neni është i përbërë nga kryetari dhe zëvendësi i tij, nga anëtarët ose të punësuarit në Këshillin Inspektues dhe gjashtë anëtarë nga sferat e përcaktuara në nenin 16 paragrafi (12) të këtij ligji dhe zëvendësit e tyre.

Инспекцискиот совет врши ажурирање на базата на прашања од членот 19-в од овој закон најмалку еднаш годишно.

Инспекцискиот совет двапати годишно врши замена на најмалку 30% на прашањата и на студиите на случај од базите со нови прашања и студии на случај.

При ажурирањето од ставот (4) на овој член Инспекцискиот совет особено ги има предвид промените на правните прописи на кои е засновано прашањето, односно случајот, бројот на кандидати кои го одговориле и успешноста во одговорите на истите.

Комисијата од ставот (2) на овој член се состанува најдоцна во рок од 15 дена по секој одржан испит за инспектор и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 19 став (11) од овој закон, за што доставува извештај до претседателот на Инспекцискиот совет.

На членовите на Комисијата за ревизија на годишно ниво им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Инспекцискиот совет донесува решение.

**Полагање на испитот**

**Член 19-д**

Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 19-в став (4) од овој закон и содржи најмалку 60 прашања со пет опции за избор од кој едната е точна, две се слични, едната не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

Вториот дел од испитот се состои од две студии на случај засновани на предметите наведени во членот 19-в став (4) алинеи 1, 2 или 3 од овој закон (прва студија) и членот 19-в став (4) алинеја 4 од овој закон (втора студија).

Прашањата кои се составен дел од студиите на случај се од областа на предметот на кој е заснована студијата на случајот и имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни.

Испитот за инспектор ќе се смета за положен ако од вкупниот број на поени кандидатот има освоени повеќе од 70%.

Këshilli inspektues bënë azhurnimin e bazës së pyetjeve nga neni 19-v të këtij ligji, së paku një herë në vit.

Këshilli Inspektues dy herë në vit kryen ndërrim të më së paku 30% të pyetjeve dhe të studimeve në rast nga bazat me pyetje të reja dhe studime të rastit.

Gjatë azhurnimit nga paragrafi (4) të këtij neni Këshilli Inspektues veçanërisht i ka parasysh ndryshimet e rregullave juridike në të cilat është bazuar çështja, përkatësisht rasti, numrin e kandidatëve të cilët janë përgjigjur, suksesin në përgjigjet e të njëjtave.

Komisioni nga paragrafi (2) të këtij neni mblidhet më së voni 15 ditë pas çdo provimi të mbajtur dhe kryen revizion të zbatimit të provimit, duke përfshirë edhe nëse provimin e kanë kaluar kandidat të cilët i plotësojnë kushtet për dhënien e provimit në pajtim me nenin 19 paragrafi (11) të këtij ligji, për çka dorëzon raport te kryetari i Këshillit Inspektues.

Anëtarëve të Komisionit për revizion në nivel vjetor u takon kompensim me para, në shumë prej një të tretës nga rroga neto mesatare në Republikën e Maqedonisë, për çka Këshilli Inspektues miraton aktvendim.

**Dhënia e provimit**

**Neni 19 - d**

Pjesa e parë e provimit jepet në secilën prej lëndëve të numëruara në nenin 19 -v paragrafi 4 të këtij ligji dhe përmban së paku 60 pyetje me pesë opsione për zgjidhje prej të cilave njëri është i saktë, dy janë të ngjashme, njëri është i pasaktë në masë të vogël (te ai humben numër I vogël i pikëve) dhe njëri është më i pasaktë në masë të madhe (te ai humben numër më i madh i pikëve).

Pjesa e dytë e provimit përbëhet prej dy studime të rastit të bazuara në lëndët e theksuara në nenin 19-v paragrafi (4) alinetë 1, 2 ose 3 të këtij ligji (studimi i parë) dhe nenit 19-v paragrafi (4) alineja 4 të këtij ligji (studimi i dytë).

Pyetjet që janë pjesë përbërëse e studimeve të rastit janë nga sfera e lëndës në të cilën bazohet studimi i rastit dhe kanë dhjetë opsione të mundshme të përgjigjeve prej të cilave njëri është i saktë, pesë janë të ngjashme dhe katër janë të ndryshme.

Provimi për inspektor do të llogaritet se është kaluar nëse nga numri i përgjithshëm i pikëve kandidati ka

Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Инспекцискиот совет и Јавниот радиодифузен сервис.

**Начин на полагање**

**Член 19-ѓ**

Полагањето на првиот дел од испитот за инспектор се врши со одговарање на прашањата.

Полагањето на вториот дел од испит за инспектор се врши со проучување на студиите на случај и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од студиите.

Прашањата од тестот и студијата на случај, зависно од тежината, се вреднуваат со определен број поени.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот за инспектор и нивните одговори, како и студиите на случај и прашањата кои произлегуваат од студиите и нивните одговори, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испит за инспектор.

Електронскиот систем од ставот (4) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 2.000 прашања за потребите од првиот дел од испитот, како и јавно достапна база од најмалку 200 студии на случај за потребите на вториот дел од испитот.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и правната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

Начинот на полагање на испит за инспектор, на предлог на Инспекцискиот совет, го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

**Континуирано следење на успешноста на инспекторите**

marrë më shumë se 70%.

Kandidatët të cilëve u është lejuar kërkesa për dhënien e provimit dhe publiku informohen për datën dhe kohën e dhënies së provimit, më së paku tetë ditë para mbajtjes së provimit përmes ueb faqes të Këshillit Inspektues dhe Servisi Publik Radiodifuziv.

**Mënyra e dhënies së provimit**

**Neni 19 - gj**

Dhënia e pjesës së parë të provimit për inspektor bëhet me përgjigjen e pyetjeve.

Dhënia e pjesës së dytë të provimit për inspektor bëhet me studimin e studimeve të rastit dhe përgjigjen e numrit të caktuar të pyetjeve të cilat dalin nga studimet.

Pyetjet e testit dhe studimet e rastit, varësisht nga pesha, vlerësohen me numër të caktuar të pikëve.

Pyetjet e përfshira në tekstet për dhënien e pjesës së parë të provimit për inspektor dhe përgjigjet e tyre, si dhe studimet e rastit dhe përgjigjet të cilat dalin nga studimet dhe përgjigjet e tyre ruhen në sistemin unik elektronik për dhënien e provimit të inspektorit.

Sistemi elektronik nga paragrafi (4) i këtij neni përmban edhe bazë publikisht të kapshme prej së paku 2 000 pyetjesh për nevojat e pjesës së parë të provimit, si dhe bazë publikisht të kapshme prej së paku 200 studimeve të rastit për nevojat e pjesës së dytë të provimit.

Në sistemin elektronik përmbahet edhe udhëzim për rregullat dhe literaturën juridike në të cilat përmbahen përgjigjet e pyetjeve nga pjesa e parë e provimit dhe rregullat për pjesën e dytë të provimit.

Rezultatet nga dhënia e pjesës së parë dhe të dytë të provimit kandidati i ka të kapshme në kompjuterin në të cilin e ka dhënë provimin, menjëherë pas përfundimit të tij.

Mënyrën e dhënies së provimit për inspektor, me propozim të Këshillit Inspektues, e përcakton ministri I Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

**Ndjekja e vazhdueshme e suksesit të inspektorëve**

**Член-19-е**

Инспекцискиот совет, директорот, односно раководното лице на инспекциската служба континуирано ја следат успешноста на инспекторите.

Целта на следењето на успешноста на инспекторите е јакнење на личната мотивација на инспекторите, зајакнување на ефикасноста и професионалноста при вршењето на инспекциските надзори, како и можност за професионално напредување во службата.

Како дел од процесот на следењето на успешноста на инспекторите директорот на инспекторатот, односно раководното лице на инспекциската служба, најдоцна до крајот на јануари во тековната година за претходната, врши годишно оценување на успешноста на инспекторите.

Годишната оцена на успешноста на инспекторот се врши врз основа на квантитативните критериуми кои се дел од кварталниот план за работа и кварталниот извештај за работата на инспекторот, како и преку примена на квалитативни критериуми за успешност на инспекторот и истата се заведува во Образецот за годишна оцена за успешност на инспектор (во натамошниот текст: Образец за годишна оцена).

Формата и содржината на Образецот за годишна оцена, на предлог на Инспекцискиот совет, ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

**Квантитативни критериуми за успешност на инспекторите**

**Член-19-ж**

Квантитативни критериуми за успешност на инспекторите се податоците од кварталниот план за работа и кварталниот извештај за работата на инспекторот во однос на вредноста на планирани надзори и вредноста на извршени надзори за секој квартал.

Во зависност од бројот на субјектите кои се предмет на надзорот, обемот на прописи кои се предмет на надзорот, времето потребно за вршење на надзорот, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот директорот, односно раководното лице на Инспекциската служба, по претходно добиена согласност од Инспекторскиот совет, со интерен акт, пропишува најмалку пет коефициенти на сложеност на надзори.

**Neni 19-e**

Këshilli Inspektues, drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit të inspektimit vazhdimisht e ndjekin suksesin e inspektorëve.

Qëllimi i ndjekjes së suksesit të inspektorëve është përforcimi i motivimit personal të inspektorëve, përforcimi i efikasitetit dhe profesionalizmit gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, si dhe mundësia për avancim profesional në shërbim.

Si pjesë e procesit të ndjekjes së suksesit të inspektorëve, drejtori i inspektoratit, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit të inspektimit, më së voni deri në fund të muajit janar në vitin rrjedhës për vitin e kaluar bën vlerësim vjetor të suksesit të inspektorëve.

Vlerësimi vjetor i suksesit të inspektorit bëhet në bazë të kritereve kuantitative të cilat janë pjesë e planit tremujor për punë dhe raportit tremujor për punën e inspektorit, si dhe përmes zbatimit të kritereve kualitative për sukses të inspektorit, dhe i njëjti regjistrohet në Formularin për vlerësimin vjetor për suksesin e inspektorit (në tekstin e mëtejmë: Formular për vlerësimin vjetor).

Formën dhe përmbajtjen e Formularit për vlerësimin vjetor, me propozim të Këshillit Inspektues, i përcakton ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

**Kriteret kuantitative për suksesin e inspektorëve**

**Neni 19-zh**

Kriteret kuantitative për suksesin e inspektorëve janë të dhënat e planit tremujor për punë dhe raportit tremujor për punën e inspektorit, në lidhje me peshën e mbikëqyrjeve të planifikuara dhe peshën e mbikëqyrjeve të kryera për secilin tremujor.

Varësisht nga numri i subjekteve të cilat janë lëndë e mbikëqyrjes, vëllimi i rregullave të cilat janë lëndë e mbikëqyrjes, koha e nevojshme për kryerjen e mbikëqyrjes, shuma e gjobës e cila mund të shqiptohet për mangësitë e përcaktuara gjatë mbikëqyrjes, drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit inspektues, me pëlqimin e marrë paraprakisht nga Këshilli Inspektues, me akt intern përcakton së paku pesë koeficiente të ndërlikueshmërisë së mbikëqyrjeve.

Вредноста на планирани надзори по инспектор за секој квартал се пресметува како збир од бројот на планирани надзори за секој степен на сложеност помножен со коефициентот на сложеност и истата е дадена во кварталниот план за работа на инспекторот.

Вредноста на извршени надзори по инспектор за секој квартал се пресметува како збир од бројот на извршени надзори за секој степен на сложеност помножен со коефициентот на сложеност и истата е дадена во кварталниот извештај за работата на инспекторот.

При планирањето на надзорите за секој квартал директорот, односно раководното лице на инспекциската служба треба да го земе предвид и евентуалното отсуството на инспекторот поради користење на годишен одмор и соодветно да ја пресмета вредноста на планирани надзори во кварталниот план за работа на инспекторот.

Во случај на отсуство на инспекторот поради боледување или други оправдани причини во времетраење од 15 до 45 дена во еден квартал, вредноста на извршени надзори за целиот квартал се пресметува како производ од просечната вредност за извршени надзори по ден во работните денови во кои инспекторот бил присутен, помножена со вкупниот број на работни денови во кварталот.

Просечната вредност за извршени надзори по ден во работните денови во кои инспекторот бил присутен од ставот (6) на овој член се пресметува како количник од вредноста за извршени надзори за сите работни денови во кои инспекторот бил присутен на работа, со бројот на работни денови во кои инспекторот бил присутен на работа.

Во случај на отсуство на инспекторот поради боледување или други оправдани причини во времетраење подолго од 45 дена во еден квартал, вредноста на извршени надзори за целиот квартал се пресметува како просечна вредност од останатите три квартали во кои инспекторот бил на работа.

Доколку вредноста на извршени надзори по инспектор изнесува 100% од вредноста на планирани надзори, истата се вреднува со 100 бода за секој квартал.

Доколку вредноста на извршени надзори по инспектор е помала или поголема од вредноста на планирани надзори, истата се пресметува како количник од вредноста на извршени надзори и

Vlera e mbikëqyrjeve të planifikuara për inspektor, për secilin tremujor llogaritet si shumë e numrit të mbikëqyrjeve të realizuara për secilin nivel të ndërlikueshmërisë me koeficientin e ndërlikueshmërisë dhe i njëjti është dhënë në planin tremujor për punën e inspektorit.

Vlera e mbikëqyrjeve të planifikuara për inspektor, për secilin tremujor llogaritet si shumë e numrit të mbikëqyrjeve të realizuara për secilin nivel të ndërlikueshmërisë të shumëzuar me koeficientin e ndërlikueshmërisë, dhe i njëjti është dhënë në planin tremujor për punën e inspektorit.

Gjatë planifikimit të mbikëqyrjeve për secilin tremujor, drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit të inspektimit duhet ta marrë parasysh edhe mungesën eventuale të inspektorit për shkak të shfrytëzimit të pushimit vjetor dhe në mënyrë përkatëse ta llogarisë vlerën e mbikëqyrjeve të planifikuara në planin tremujor për punën e inspektorit.

Në rast të mungesës së inspektorit për shkak të pushimit mjekësor ose shkaqe tjera të arsyeshme në kohëzgjatje prej 15 deri në 45 ditë në një tremujor, vlera e mbikëqyrjeve të kryera për tërë tremujorin llogaritet si prodhim i vlerës mesatare për mbikëqyrje të realizuara për ditë në ditën e punës në të cilat inspektori ka qenë prezent, e shumëzuar me numrin e përgjithshëm të ditëve të punës në tremujor.

Vlera mesatare për mbikëqyrje të kryera për ditë në ditët e punës në të cilat inspektori ka qenë prezent nga paragrafi (6) i këtij neni, llogaritet si koeficient nga vlera për mbikëqyrjet e realizuara për të gjitha ditët e punës në të cilat inspektori ka qenë prezent në punë, me numrin e ditëve të punës në të cilat inspektori ka qenë prezent në punë.

Në rast të mungesës së inspektorit për shkak të pushimit mjekësor ose shkaqe tjera të arsyeshme në kohëzgjatje më shumë se 45 ditë në një tremujor, vlera e mbikëqyrjeve të kryera për tërë tremujorin llogaritet si vlerë mesatare e tre tremujorëve tjerë në të cilat inspektori ka qenë në punë.

Nëse vlera e mbikëqyrjeve të realizuara për inspektor është 100% nga vlera e mbikëqyrjeve të planifikuara, e njëjta vlerësohet me 100 pikë për secilin tremujor.

Nëse vlera e mbikëqyrjeve të kryera për inspektor është më e vogël ose më e madhe se vlera e mbikëqyrjeve të planifikuara, e njëjta llogaritet si herës i vlerës së mbikëqyrjeve të realizuara dhe vlerës së mbikëqyrjeve të

вредноста на планирани надзори помножена со 100 и изразена во бодови.

Максималниот број на бодови за квантитативна успешност за еден квартал може да биде 140.

Квантитативна успешност на инспекторот за период од една година се пресметува како збир од бодовите за успешност за сите четири квартали, при што максималната вредност може да изнесува 560 бода.

За инспекторот кој во најмалку два квартали бил отсутен подолго од 90 дена, Инспекцискиот совет носи одлука за начинот на кој ќе се изврши оценување на неговата квантитативна успешност.

Квантитативните критериуми за успешност на инспекторот и нивната вредност се дел од Образецот за годишна оцена.

**Квалитативни критериуми за успешност на инспекторите**

**Член-19-з**

Квалитативни критериуми за успешност на инспекторите се податоците и информациите добиени преку електронскиот систем за инспекциски служби или преку друга евиденција за:

- почитувањето на законските рокови за подготвување на записниците и донесување на решенијата,
- односот меѓу бројот на потврдени или укинати решенија со вкупниот број на решенија и
- водењето на записници и решенија во електронски формат, уредноста во водењето на предметите кои се во работа кај инспекторот и квалитетот на писменото изразување на инспекторот.

Критериумот од ставот (1) алинеја 1 на овој член квалитетот на работата на инспекторот во делот на почитување на законските рокови за подготвување на записници и донесување на решенија за секој година се вреднува на следниов начин:

- ги почитувал роковите во 100% од предметите - 30 бода,
- ги почитувал роковите во повеќе од 75% од предметите - 15 бода и
- ги почитувал роковите во помалку од 75% од

planifikuara e shumëzuar me 100 dhe e shprehur në pikë.

Numri maksimal i pikëve për suksesin kuantitativ për një tremujor mund të jetë 140.

Suksesi kuantitativ i inspektorit për periudhën e një viti llogaritet si shumë e pikëve për suksesin për të katër tremujorët, me ç'rast vlera maksimale mund të jetë 560 pikë.

Për inspektorin i cili së paku dy tremujorë ka munguar më gjatë se 90 ditë, Këshilli Inspektues miraton vendim për mënyrën në të cilën do të bëhet vlerësimi i suksesit të tij kuantitativ.

Kriteret kuantitative për suksesin e inspektorit dhe vlerën e tyre janë pjesë e Formularit për vlerësim vjetor.

**Kritere kualitative për suksesin e inspektorëve**

**Neni 19-z**

Kritere kualitative për suksesin e inspektorëve janë të dhënat dhe informatat e marra përmes sistemit elektronik për shërbime inspektuese ose përmes evidencës tjetër, për:

- respektimin e afateve ligjore për përpilimin e procesverbaleve dhe miratimin e aktvendimeve,
- raportin ndërmjet numrit të aktvendimeve të verifikuara ose shfuqizuara me numrin e përgjithshëm të aktvendimeve dhe
- mbajtjen e procesverbaleve dhe aktvendimeve në format elektronik, rregullshmërinë në mbajtjen e lëndëve të cilat janë në punë te inspektori dhe kualitetin e shprehjes me shkrim të inspektorit.

Kriteri nga paragrafi (1) alineja 1 të këtij neni, kualiteti i punës së inspektorit në pjesës e respektimit të afateve ligjore për përpilimin e procesverbaleve dhe miratimin e aktvendimeve, për secilin vit vlerësohet në mënyrën si vijon:

- i ka respektuar afatet në 100% nga lëndët - 30 pikë,
- i ka respektuar afatet në më shumë se 75% nga lëndët - 15 pikë dhe
- i ka respektuar afatet në më pak se 75% nga

предметите - 0 бодови.

Критериумот од ставот (1) алинеја 2 на овој член се вреднува на следниов начин:

- до 3% - 60 бода,
- од 3% до 6% - 45 бода,
- од 6% до 15% - 30 бода,
- од 15% до 20% - 15 бода и
- повеќе од 20% - 0 бодови.

Критериумот од ставот (1) алинеја 2 на овој член се зема предвид при утврдување на квалитативната успешност на инспекторот, против чии решенија се изјавени правни средства.

Критериумот од ставот (1) алинеја 3 на овој член за секоја година се вреднува на следниов начин:

- добар квалитет - 10 бода
- делумно добар квалитет - 5 бода и
- слаб квалитет - 0 бодови.

Квалитативната успешност на инспекторот за период од една година се пресметува како збир од остварените бодови во ставовите (2), (3) и (5) на овој член, при што максималната вредност може да изнесува 100 бода.

Квалитативните критериуми за успешност на инспекторот и нивната вредност се дел од Образецот за годишна оцена.

### Годишна оцена на успешноста на инспекторите

### Член-19-ѕ

Вкупниот број на бодови за успешност на инспекторот се пресметува како збир од бодовите за квантитативна и бодовите за квалитативна успешност за период од една година, при што максималниот број на бодови може да изнесува 660.

Во зависност од остварените бодови годишната оцена на успешноста на инспекторот може да биде:

- особено се истакнува - над 600 бода,
- се истакнува - од 500 до 600 бода,
- задоволува - од 400 до 500 бода,
- делумно задоволува - од 300 до 400 бода и
- не задоволува - под 300 бодови.

lëndët - 0 pikë.

(3) Kriteri nga paragrafi (1) alineja 2 të këtij neni, vlerësohet në mënyrën si vijon:

- deri 3% - 60 pikë,
- prej 3% deri 6% - 45 pikë,
- prej 6% deri 15% - 30 pikë,
- prej 15% deri 20% - 15 pikë dhe
- më shumë se 20% - 0 pikë.

Kriteri nga paragrafi (1) alineja 2 të këtij neni merret parasysh gjatë përcaktimit të suksesit kualitativ të inspektorit, kundër aktvendimeve të të cilëve janë deklaruar mjete juridike.

Kriteri nga paragrafi (1) alineja 3 të këtij neni, për çdo vit vlerësohet në mënyrën si vijon:

- me kualitet të mirë - 10 pikë,
- me kualitet pjesërisht të mirë - 5 pikë dhe
- me kualitet të dobët - 0 pikë.

Suksesi kualitativ i inspektorit për periudhën prej një viti llogaritet si shumë e pikëve të realizuara për paragrafët (2), (3) dhe (5) të këtij neni, me ç'rast vlera maksimale mund të jetë 100 pikë.

(7) Kriteret kualitative për suksesin e inspektorit dhe vlerën e tyre janë pjesë e Formularit për vlerësimin vjetor.

### Vlerësimi vjetor për suksesin e inspektorëve

### Neni 19-x

Numri i përgjithshëm i pikëve për suksesin e inspektorit llogaritet si shumë e pikëve të suksesit kuantitativ dhe kualitativ për periudhën prej një viti, me ç'rast numri maksimal i pikëve mund të jetë 660.

Varësisht nga pikët e realizuara, vlerësimi vjetor i suksesit të inspektorit mund të jetë:

- veçanërisht dallohet - mbi 600 pikë,
- dallohet - prej 500 deri 600 pikë,
- mjaftueshëm - prej 400 deri 500 pikë,
- pjesërisht mjaftueshëm - prej 300 deri 400 pikë e
- pamjaftueshëm - nën 300 pikë.

Годишната оцена на успешноста на инспекторот се заведува во Образецот за годишна оцена и истата најдоцна до 1 февруари во тековната година се доставува до инспекторот.

Инспекторот кој не е задоволен со оцената од ставот (3) на овој член, во рок од осум дена од денот на прием на Образецот за годишна оцена, има право на приговор до Инспекцискиот совет.

Инспекцискиот совет одлучува по поднесениот приговор на инспекторот во рок од осум дена од датумот на поднесувањето.

Доколку Инспекцискиот совет го уважи приговорот на инспекторот и предметот го врати на повторно постапување директорот, односно раководното лице на инспекциската служба во рок од осум дена треба да постапи по насоките и укажувањата на Инспекцискиот совет и да донесе одлука.

Директорот, односно раководното лице наинспекциската служба изготвува ранг-листа со годишни оцени и остварени бодови за сите инспектори во инспекциската служба.

Ранг-листата од ставот (3) на овој член, заедно со обрасците за годишна оцена за успешност за сите инспектори во инспекциската служба, се доставува до Инспекцискиот совет како прилог на годишниот извештај за работата на инспекциската служба.

По усвојувањето на годишниот извештај за работата на инспекциската служба од страна на Инспекцискиот совет директорот, односно раководното лице на инспекциската служба најдоцна до 31 март донесува:

- решение за зголемување на платата во износ од 20%, за период од една година, за инспекторите кои се оценети со оцена “особено се истакнува”,
- решение за зголемување на платата во износ од 5%, за период од една година, за инспекторите кои се оценети со оцена “се истакнува”,
- решение за намалување на платата во износ од 20%, за период од една година, за инспекторите кои се оценети со оцена “делумно задоволува” и
- предлог за поведување на дисциплинска постапка до Инспекцискиот совет за инспекторите кои се оценети со оцена “не задоволува”.

Vlerësimi vjetor i suksesit të inspektorit shënohet në Formularin për vlerësimin vjetor, dhe i njëjti më së voni deri më 1 shkurt në vitin rrjedhës i dërgohet inspektorit.

Inspektori që nuk është i kënaqur me vlerësimin nga paragrafi (3) të këtij neni, në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të Formularit për vlerësimin vjetor, ka të drejtë kundërshtimit te Këshilli Inspektues.

Këshilli Inspektues vendos për kundërshtimin e parashtruar të inspektorit në afat prej tetë ditësh nga data e parashtrimit.

Nëse Këshilli Inspektues e pranon kundërshtimin e inspektorit dhe lëndën e kthen në veprim të sërishëm, drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit inspektues, në afat prej tetët ditësh duhet të veprojë sipas udhëzimeve dhe sugjerimeve të Këshillit Inspektues dhe të miratojë vendim.

Drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit të inspektimit përpilon rang listë me vlerësimet vjetore dhe pikët e realizuara për të gjithë inspektorët në shërbimin e inspektimit.

Rang lista nga paragrafi (3) të këtij neni, së bashku me formularët për vlerësimin vjetor për suksesin e të gjithë inspektorëve në shërbimin e inspektimit, dorëzohet në Këshillin Inspektues si shtojcë e Raportit vjetor për punën e shërbimit të inspektimit.

Pas miratimit të Raportit vjetor për punën e shërbimit inspektues nga ana e Këshillit Inspektues, drejtori, përkatësisht personi udhëheqës i shërbimit inspektues, më së voni deri më 31 mars miraton:

- aktvendim për zmadhimin e rrogës në shumë prej 20% për periudhën prej një viti, për inspektorët të cilët vlerësohen me vlerësimin "veçanërisht dallohet",
- aktvendim për zmadhimin e rrogës në shumë prej 5% për periudhën prej një viti, për inspektorët të cilët vlerësohen me vlerësimin "dallohet",
- aktvendim për zvogëlimin e rrogës në shumë prej 20% për periudhën prej një viti, për inspektorët të cilët vlerësohen me vlerësimin "pjesërisht mjaftueshëm" dhe
- propozim për ngritjen e procedurës disiplinore te Këshilli Inspektues, për inspektorët të cilat janë vlerësuar me vlerësimin "pamjaftueshëm".

Инспекторите кои три во последователни години се оценети со “особено се истакнува” или “се истакнува” ќе имаат предност за пополнување на работно место преку унапредување, во постапки согласно со закон.

**Стручно оспособување и усовршувањена инспекторите**

**Член 20**

Инспекторот има право и должност стручно да се оспособува за извршување на своите работи и работни задачи во согласност со годишната програма за стручно оспособување и усовршување во областа на инспекцискиот надзор.

Годишната програма за стручно оспособување и усовршување во областа на инспекцискиот надзор по предлог на директорот на инспекторатот ја донесува Инспекцискиот совет.

Стручното оспособување и усовршување од ставот (1) на овој член го организира Инспекцискиот совет.

По секое стручно оспособување и усовршување, инспекторот е должен да полага тест за проверка на знаењето стекнато при стручно оспособување и усовршување.

Тестот од ставот (5) на овој член ќе послужи само како подготовка за полагање на испитот за инспектор.

**Испит за проверка на знаењето за инспектор**

**Член 21**
**(се брише)**

**Категории на работни места на инспектори**

**Член 22**

Работните места на инспекторите се класифицираат во две категории, и тоа:

- категорија Б - раководни инспектори и
- категорија В - инспектори.

Во рамките на секоја категорија од ставот (1) на овој член се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на инспектори.

Inspektorët të cilët tri vite të njëpasnjëshme janë vlerësuar me "veçanërisht dallohet" ose "dallohet", do të kenë përparësi për plotësimin e vendit të punës perms avancimit, në procedura në pajtim me ligjin.

**Aftësimi profesional dhe përsosja e inspektorëve**

**Neni 20**

Inspektori ka të drejtë dhe detyrë që të aftësohet për realizimin e punëve të tij dhe detyrave të punës në pajtim me programin vjetor për aftësim dhe përsosje profesionale në sferën e mbikëqyrjes inspektuese.

Programin vjetor për aftësim dhe përsosje profesionale në sferën e mbikëqyrjes inspektuese me propozim të drejtorit të inspektoratit e miraton Këshilli Inspektues.

Aftësimin dhe përsosjen profesionale nga paragrafi (1) të këtij neni e organizon Këshilli Inspektues.

Pas çdo aftësimi dhe përsosje profesionale, inspektori detyrohet që të japë test për kontrollimin e njohurive të fituara gjatë aftësimit dhe përsosjes profesionale.

Testi nga paragrafi (5) i këtij neni do të shërbejë vetëm si përgatitje për dhënien e provimit për inspektor.

**Provimi për kontroll të njohurisë për inspektor**

**Neni 21**
**(fshihet)**

**Kategori të vendeve të punës të inspektorëve**

**Neni 22**

Vendet e punës të inspektorëve klasifikohen në dy kategori, edhe atë:

- kategoria B – inspektorë udhëheqës dhe
- kategoria V – inspektorë.

Në korniza të secilës kategori nga paragrafi (1) i këtij neni, përcaktohen më shumë nivele të vendeve të punës së inspektorëve.

**Нивоа на работни места на инспектори од категоријата Б - раководни инспектори**

**Член 22-а**

Во рамките на категоријата Б - раководни инспектори, се утврдуваат следните нивоа на работни места на инспектори:

- Б1 - раководен инспектор од прво ниво,
- Б2 - раководен инспектор од второ ниво,
- Б3 - раководен инспектор од трето ниво и
- Б4 - раководен инспектор од четврто ниво.

Раководниот инспектор од категорија Б, треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:

- стручни квалификации: за сите нивоа – најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- работно искуство, и тоа за:
- нивото Б1 најмалку десет години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку пет години на работно место од нивото В1,
- нивото Б2 најмалку осум години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку три години на работно место од нивото В1,
- за нивото Б3 најмалку шест години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В1 или
- нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една години на работно место од нивото В1,
- општи работни компетенции за сите нивоа – категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции;
- посебни работни компетенции за сите нивоа да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен

**Nivelet e vendeve të punës së inspektorëve nga Kategoria B- inspektorë udhëheqës**

**Neni 22-a**

Në korniza të kategorisë B - inspektorë udhëheqës, përcaktohen këto nivele të vendeve të punës së inspektorëve:

- B1 - inspektor udhëheqës nga niveli i parë,
- B2 - inspektor udhëheqës nga niveli i dytë,
- B3 - inspektor udhëheqës nga niveli i tretë dhe
- B4 - inspektor udhëheqës nga niveli i katërt.

Inspektori udhëheqës nga kategoria B, duhet ti plotësoj këto kushte të posaçme për vendin e punës:

- kualifikime profesionale: Për të gjitha nivelet - së paku 300 kredi të marra sipas SETK ose shkallë të përfunduar shkallën VII/1,
- përvojë pune edhe atë për:
- nivelin B1 së paku dhjetë vjet përvojë pune në sferën e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilët së paku pesë vjet përvojë pune nga niveli V1,
- nivelin B2 së paku tetë vjet përvojë pune në sferën e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilat së paku tre vjet nga përvoja e punës nga niveli V1,
- nivelin B3 së paku gjashtë vjet përvojë pune nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilët së paku dy vjet të vendit të punës nga niveli V1 ose
- nivelin B4 së paku katër vjet përvojë pune nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilët së paku një vjet të vendit të punës nga niveli V1,
- kompetenca të përgjithshme të punës për të gjitha nivelet - kategoria B, në pajtim me Kornizën e kompetencave të përgjithshme të punës,
- kompetenca të posaçme të punës për të gjitha nivelet të posedojë certifikatë të pranuar ndërkombëtare për punë me programe kompjuterike për punë zyrtare dhe atë një nga këto në vijim:

- Certiport: IC 3GS4 Key Applications – të dhënë,
- Microsoft: MOS Word ose MOS Excell – të dhënë

или

- ECDL: Core - положен,

- за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет и
- за сите нивоа да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Нивоа на работни места на инспектори од категоријата Б – инспектори**

**Член 22-б**

Во рамките на категорија В - инспектори се утврдуваат следниве нивоа на работни места на инспектори:

- В1 - инспектор од прво ниво,
- В2 - инспектор од второ ниво,
- В3 - инспектор од трето ниво и
- В4 - инспектор од четврто ниво.

Инспектор од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

- стручни квалификации за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- работно искуство, и тоа за:

- нивото В1 најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2,
- нивото В2 најмалку две години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една години на работно место од нивото В3,
- нивото В3 најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба или нивото В4 со или без работно искуство,
- општи работни компетенции за сите нивоа - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
- посебни работни компетенции: за сите нивоа

ose

- ECDL:  Core - të dhënë,

- për të gjitha nivelet  të ketë marrë mendim pozitiv për përkatësinë për vendin e punës me dhënien e testit psikologjik dhe testit për integritet dhe

- për të gjitha nivelet të ketë licencë për inspektor nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues.

**Nivele të vendeve të punës të inspektorëve nga kategoria B – inspektorë**

**Neni 22-b**

Në korniza të kategorisë V – inspektorë, përcaktohen këto nivele të vendeve të punës të inspektorëve:

- V1 - inspektor nga niveli i parë,
- V2 - inspektor nga niveli i dytë,
- V3 - inspektor nga niveli i tretë dhe
- V4 - inspektor nga niveli i katërt.

Inspektori nga kategoria B, duhet t’i plotësojë këto kushte të posaçme për vend pune:

- kualifikime profesionale për të gjitha nivelet- së paku 300 kredi të marra sipas SETK shkallën ose të përfunduar shkallën VII/1
- përvojë pune edhe atë për:

- nivelin V1 së paku tre vjet përvojë pune nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilat së paku dy vjet të vendit të punës nga niveli V2,
- nivelin V2 së paku dy vjet përvojë pune në sferën e kompetencës së shërbimit inspektues, nga të cilat së paku një vjet të vendit të punës nga niveli V3,

- nivelin V3 së paku një vit përvojë pune në sferën e kompetencës së shërbimit inspektues ose nivelin V4  me ose pa përvojë pune.

- kompetenca të përgjithshme të punës për të gjitha nivelet - kategoria B, në pajtim me Kornizën të kompetencave të përgjithshme të punës,
- kompetenca të posaçme të punës:  për të gjitha

да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core - положен,

- за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет и
- за нивоата В1, В2 и В3 да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Звања на инспектори**

**Член 22-в**

За инспекторите нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

- Б1 - генерален инспектор,
- Б2 - главен инспектор,
- Б3 - помошник главен инспектор,
- Б4 - виш инспектор,
- В1 - советник инспектор,
- В2 - самостоен инспектор,
- В3 - помошник инспектор и
- В4 - помлад инспектор.

## V. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

**Обврски на инспекторот**

**Член 23**

При вршењето на инспекцискиот надзор, во согласност со закон, инспекторот има обврска:

1) да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;

2) да го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на

nivelet të posedojë certifikatë të pranuar ndërkombëtare për punë me programe kompjuterike për punë zyrtare edhe atë një nga në vijim:

- Certiport: IC 3GS4 Key Applications – të dhënë,
- Microsoft: MOS Word ose MOS Excell – të dhënë ose
- ECDL: Core - të dhënë,

- për të gjitha nivelet të ketë të marrë vendim pozitiv për përkatësinë për vendin e punës me dhënien e testit psikologjik dhe testit të integritetit dhe
- për nivelet V1, V2 dhe V3 të ketë licencë për inspektor nga sfera e kompetencës së shërbimit inspektues.

**Tituj të inspektorëve**

**Neni 22 -v**

Për inspektorët, niveli i kornizës së kategorive në mënyrë plotësuese përshkruhen me tituj edhe atë:

- B1 - inspektor i përgjithshëm,
- B2 - kryeinspektor,
- B3 - ndihmës kryeinspektor,
- B4 - inspektor i lartë,
- V 1 - inspektor këshilltar,
- V2 - inspektor i pavarur,
- V3 - ndihmës inspektor dhe
- V4 - inspektor i ri.

## V. TË DREJTAT, OBLIGIMET DHE AUTORIZIMET E INSPEKTORËVE

**Obligimet e inspektorit**

**Neni 23**

Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, në pajtueshmëri me ligjin inspektori obligohet që:

1) të veprojë sipas iniciativës për ngritje të procedurës inspektuese dhe për këtë ta informojë parashtruesin e iniciativës;

2) ta lajmërojë personin përgjegjës të subjektit të mbikëqyrjes për fillimin e kryerjes së mbikëqyrjes

инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

3) да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;

4) да состави записник за извршениот инспекциски надзор;

5) да ја чува тајноста на класифицираните податоци; 6) да постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на државните службеници и Етичкиот кодекс на инспекциската служба и

7) да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор.

inspektuese, përveç nëse me ligj nuk është përcaktuar ndryshe, ose nëse me njoftimin e tillë do të zvogëlohet efikasiteti i mbikëqyrjes, ose për mbrojtje të interesit të përgjithshëm, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe pronës;

3) të legjitimohet para subjektit të mbikëqyrjes, përkatësisht para personit përgjegjës ose personit tjetër të autorizuar të subjekti të mbikëqyrjes;

4) të përpilojë procesverbal për mbikëqyrjen inspektuese të kryer;

5) ta ruajë fshehtësinë e të dhënave të klasifikuara; 6) të veprojë sipas ligjit, me kohë dhe në pajtueshmëri me Kodeksin etik të nëpunësve shtetërorë dhe Kodeksin etik të shërbimit inspektues dhe

7) ta lajmërojë personin përgjegjës të subjektit të mbikëqyrjes për bazën ligjore për kryerje të mbikëqyrjes.

**Овластувања на инспекторот**

**Член 24**

При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен:

1) да проверува општи и поединечни акти, фајлови, документи, докази и информации во обем според предметот на инспекцискиот надзор, како и да побара од субјектот на надзорот или неговите овластени вработени да подготват потребни копии и документи изработени на странски јазик да бидат преведени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и да бидат заверени од овластен судски преведувач;

2) да врши надзор во деловните простории и други објекти што не се користат како живеалиште, над превозни средства и производи;

3) да проверува идентификациски документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет во согласност со закон;

4) да бара од субјектот на надзорот или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на инспекцискиот надзор;

5) да бара од субјектот на надзорот или неговите вработени да ги доставаат податоците за нивните добавувачи со кои располагаат;

6) да бара стручно мислење кога е тоа потребно за инспекцискиот надзор;

**Autorizimet e inspektorit**

**Neni 24**

Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori është i autorizuar që:

1) të kontrollojë akte të përgjithshme dhe të veçanta, skeda, dokumente, dëshmi dhe informata në sasi sipas lëndës së mbikëqyrjes inspektuese, si dhe të kërkojë nga subjekti i mbikëqyrjes ose punonjësit e tij të autorizuar që të përgatisin dokumente dhe kopje të nevojshme të përpunuara në gjuhë të huaja, të përkthehen në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e tij cirilik dhe të verifikohen nga përkthyes i autorizuar gjyqësor;

2) të kryejë mbikëqyrje në hapësirat punuese dhe objekte të tjera që nuk shfrytëzohen si vendbanime, të mjeteve transportuese dhe prodhimeve;

3) të kontrollojë dokumente identifikimi të personave për shkak të vërtetimit të identitetit të tyre në pajtueshmëri me ligjin;

4) të kërkojë nga subjekti i mbikëqyrjes ose nga punonjësit e tij, sqarim me shkrim ose me gojë në lidhje me çështjet nga fushëveprimi i mbikëqyrjes inspektuese;

5) të kërkojë nga subjekti i mbikëqyrjes ose nga punonjësit e tij që të dorëzojnë të dhëna për furnizuesit e tyre me të cilat disponojnë;

6) të kërkojë mendim profesional kur ai është i nevojshëm për mbikëqyrjen inspektuese;

7) да зема примероци без надоместок за натамошни тестови или проверки во случаи определени со закон или друг пропис;

8) да ги контролира активностите на субјектот на надзорот при продажба на производи или давање услуги;

9) да обезбеди звучни и видео записи кои можат да бидат искористени во инспекцискиот надзор;

10) да врши попис на затекнатите стоки во деловниот објект и

11) да обезбеди други потребни докази.

Ако е оправдано е потребно да се одземат или привремено да се чуваат производите, досиејата или документите, инспекторот во согласност со закон може да:

1) побара од субјектот на надзорот или од лице вработено кај него, кое има овластување за тоа, да отвори и дозволи пристап во која било просторија, затворен сад, машина или средства и
2) побара од кое било лице кое има овластување за тоа, да обезбеди пристап до кое било досие, вклучително и компјутерско досие, простории, затворен сад или машина.

(3) Идентичноста на копијата со оригиналот на фајловите, документите, доказите и информациите ја потврдува субјектот на надзорот со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.

(4) Инспекторот е овластен да покрене и води постапка за порамнување, посредување, медијација и прекршочна постапка во согласност со закон.

7) të marrë ekzemplarë pa kompensim për teste të mëtutjeshme ose kontrolle në raste të përcaktuara me ligj ose me dispozitë tjetër;

8) të kontrollojë aktivitetet e subjektit të mbikëqyrjes gjatë shitjes së prodhimeve ose dhënies së shërbimeve;

9) të sigurojë audio dhe video incizime të cilat mund të shfrytëzohen në mbikëqyrjen inspektuese;

10) të kryejë regjistrim të mallrave të gjetura në hapësirën punuese, dhe

11) të sigurojë dëshmi të tjera të nevojshme.

Nëse është nevojë e arsyeshme që të konfiskohen ose përkohësisht të ruhen prodhimet, dosjet ose dokumentet, inspektori në pajtueshmëri me ligjin mund:

1) të kërkojë nga subjekti i mbikëqyrjes ose nga punonjësi i tij që ka autorizime për këtë, të hap dhe të lejojë qasje në cilëndo hapësirë, enë të mbyllur, makinë ose mjete dhe

2) të kërkojë nga cilido person i cili ka autorizim për këtë, të sigurojë qasje në cilëndo dosje duke përfshirë edhe dosjet kompjuterike, hapësirat, enë të mbyllur ose makinë.

(3) Autenticitetin e kopjes me origjinalin e skedës, dokumentet, provat dhe informatat, i vërteton subjekti i mbikëqyrjes me vulë dhe nënshkrim të tij, ose punonjësi i tij me nënshkrim.

(4) Inspektori është i autorizuar që të ngrejë dhe të udhëheqë procedurë për barazim, ndërmjetësim, mediacion dhe procedurë për kundërvajtje në pajtueshmëri me ligjin.

**Права и обврски за отстранување на неправилностите**

**Член 25**

Во согласност со закон, заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување;

2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот;

**Të drejtat dhe obligimet për mënjanimin e parregullsive**

**Neni 25**

Në pajtim me ligjin, për mënjanimin e parregullsive të konstatuara, inspektori ka të drejtë dhe obligim që subjektit të mbikëqyrjes:

1) t'i tregojë për parregullsitë e konstatuara dhe të përcaktojë afat për mënjanimin e tyre;

2) t'i urdhërojë të ndërmerr masa dhe aktivitete përkatëse në afatin të cilin do ta përcaktojë inspektori;

3) привремено да му забрани вршење на дејност, професија или должност;

4) привремено да му одземе предмети и средства со кои е сторено кривично дело или прекршокот, во согласност со закон;

5) да му поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и

6) да му поднесе кривична пријава или да поведе друга соодветна постапка.

Заради отстранување на утврдените недостатоци инспекторот може да врши и други овластувања и одговорности во согласност со закон.

**Известување на надлежниот орган**

**Член 26**

Ако во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди неправилности за чие отстранување не е надлежен, записнички ги констатира и го известува надлежниот орган.

Инспекторот по извршениот инспекциски надзор може да се консултира со субјектот на надзорот за поефикасно отстранување на утврдените неправилности.

**VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СУБЈЕКТОТ НА НАДЗОРОТ**

**Општа обврска на субјектот на надзорот**

**Член 27**

Субјектот на надзорот е должен да постапи по барањето, односно наредбата на инспекторот.

**Обврска на субјектот на надзорот во постапката на инспекцискиот надзор**

**Член 28**

Субјектот на надзорот е должен на инспекторот да му овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор, да стави на увид исправи и податоци кои се потребни за вршење на надзорот.

Субјектот на надзорот е должен на инспекторот да му ги обезбеди условите неопходни за непречена работа и утврдување на фактичката состојба.

3) përkohësisht t'ia ndalojë kryerjen e veprimtarisë, profesionit ose detyrës;

4) përkohësisht t'i konfiskojë sende dhe mjete me të cilat është kryer vepër penale ose kundërvajtje, në pajtueshmëri me ligjin;

5) t'i parashtrojë kërkesë për ngritje të procedurës për kundërvajtje dhe

6) t'i ngritë padi penale ose të ngritë ndonjë tjetër procedurë përkatëse.

Për mënjanimin e mangësive të konstatuara, inspektori mund të kryejë edhe autorizime dhe përgjegjësi tjera në pajtueshmëri me ligjin.

**Njoftimi i organit kompetent**

**Neni 26**

Nëse në kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese inspektori konstaton parregullsi për mënjanimin e të cilave nuk është kompetent, me procesverbal i konstaton dhe e njofton organin kompetent.

Inspektori pas kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese mund të konsultohet me subjektin e mbikëqyrjes, për mënjanim më efikas të parregullsive të konstatuara.

**VI. TË DREJTAT DHE OBLIGIMET E SUBJEKTIT TË MBIKËQYRJES**

**Obligimi i përgjithshëm i subjektit të mbikëqyrjes**

**Neni 27**

Subjekti i mbikëqyrjes është i obliguar që të veprojë sipas kërkesës, përkatësisht sipas urdhrit të inspektorit.

**Obligimi i subjektit të mbikëqyrjes në procedurën e mbikëqyrjes inspektuese**

**Neni 28**

Subjekti i mbikëqyrjes është i obliguar që inspektorit t'i mundësojë kryerje të papenguar të mbikëqyrjes inspektuese, të vë nën inspektim dokumente dhe të dhëna të cilat janë të nevojshme për kryerjen e mbikëqyrjes.

Subjekti i mbikëqyrjes është i obliguar që inspektorit t'i sigurojë kushte të nevojshme për kryerjen e punës pa penguar dhe përcaktimin e situatës faktike.

Субјектот на надзорот е должен на инспекторот да му овозможи во определениот рок пристап до просториите, производите, документите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор.

Субјектот на надзорот кај кој се врши инспекцискиот надзор е должен по писмено барање на инспекторот да го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку инспекторот на друг начин не може да го изврши надзорот и да ја утврди фактичката состојба.

Инспекторот може од субјектот на надзорот да побара да изврши некоја активност во инспекциската постапка поради целосно утврдување на фактичката состојба и да определи рок за извршување на таа активност.

Субјектот на надзорот е должен по писмено барање на инспекторот, во рокот определен со барањето, на инспекторот да му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.

**Права на субјектот на надзорот во постапката на инспекциски надзор**

**Член 29**

Субјектот на надзорот има право да дава изјави на записник и забелешки во однос на законитоста на постапката на инспекцискиот надзор, односот на инспекторот или точноста на утврдената фактичка состојба, со образложение за причините за тоа.

Субјектот на надзорот има право да одбие да го потпише записникот, ако не се согласува со фактите кои се наведени во записникот или ако му е оневозможено правото од ставот (1) на овој член.

Одбивањето да се потпише записникот не го спречува натамошното водење на постапката на инспекцискиот надзор.

**Одговорни лица во постапката на вршење на надзорот**

**Член 30**

За непречено вршење на инспекцискиот надзор и за извршување на изречените мерки одговара субјектот на надзорот и одговорното лице во субјектот на надзорот.

Subjekti i mbikëqyrjes është i obliguar që inspektorit t'i mundësojë në afatin e përcaktuar qasje në hapësirat, prodhimet, dokumentet ose çfarëdo lloj mjeti i cili është lëndë e mbikëqyrjes inspektuese.

Subjekti i mbikëqyrjes te i cili kryhet mbikëqyrja inspektuese është i obliguar që pas kërkesës me shkrim të inspektorit, ta ndërpresë punën gjatë kohës së mbikëqyrjes inspektuese, nëse inspektori në mënyrë tjetër nuk mund ta kryejë mbikëqyrjen dhe ta përcaktojë situatën faktike.

Inspektori mund të kërkojë nga subjekti i mbikëqyrjes që të kryejë ndonjë aktivitet në procedurën inspektuese, për shkak të përcaktimit të plotë të situates faktike dhe të përcaktojë afat për kryerjen e atij aktiviteti.

Subjekti i mbikëqyrjes është i obliguar që me kërkesë me shkrim të inspektorit, në afatin e përcaktuar me kërkesë, inspektorit t'i dorëzojë ose përgatitë të dhëna, raporte, materiale të sakta dhe të plota ose dokumente tjera të nevojshme për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese.

**Të drejtat e subjektit të mbikëqyrjes në procedurën e mbikëqyrjes inspektuese**

**Neni 29**

Subjekti i mbikëqyrjes ka të drejtë të japë deklarata në procesverbal dhe vërejtje lidhur me ligjshmërinë e procedurës së mbikëqyrjes inspektuese, raportin e inspektorit ose vërtetësinë e situatës faktike të përcaktuar, me arsyetim për shkaqet e këtë.

Subjekti i mbikëqyrjes ka të drejtë që të refuzojë ta nënshkruajë procesverbalin, nëse nuk pajtohet me faktet të cilat janë të paraqitura në procesverbal, ose nëse i është pamundësuar e drejta nga paragrafi (1) i këtij neni.

Refuzimi për ta nënshkruar procesverbalin, nuk e pengon udhëheqjen e mëtejshme të procedurës së mbikëqyrjes inspektuese.

**Personat përgjegjës në procedurën e kryerjes së mbikëqyrjes**

**Neni 30**

Për kryerjen e papenguar të mbikëqyrjes inspektuese, si dhe për zbatimin e masave të shqiptuara, përgjigjet subjekti i mbikëqyrjes dhe personi përgjegjës në subjektin e mbikëqyrjes.

Субјектот на надзорот, односно одговорното лице во субјектот на надзорот е должно веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено да го извести инспекторот дали се извршени наредените инспекциски мерки.

**Обврски за другите лица**

**Член 31**

Лицето кое не е субјект на надзорот во постапката на вршење на инспекциски надзор е должно да овозможи вршење на инспекциска проверка кога постои основано сомневање дека во неговите простории и објекти се врши дејност или се наоѓаат предмети кои се во врска со инспекцискиот надзор.

Ако лицето од ставот (1) на овој член не дозволи вршење на инспекциска проверка, кон него ќе се применуваат овластувањата кои инспекторот ги има како кон субјектот на надзорот.

## VII. ПОСТАПКА НА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Видови на инспекциски надзор**

**Член 32**

Ако со закон поинаку не е уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор,
- вонреден инспекциски надзор и
- контролен инспекциски надзор.

Редовниот инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите.

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).

Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што

Subjekti i mbikëqyrjes, përkatësisht personi përgjegjës në subjektin e mbikëqyrjes është i obliguar që menjëherë pas kalimit të afatit të përcaktuar për zbatimin e masës inspektuese, kurse më së voni në afat prej tri ditësh, me shkrim ta njoftojë inspektorin nëse janë zbatuar masat inspektuese të urdhëruara.

**Obligimet për personat tjerë**

**Neni 31**

Personi i cili nuk është subjekt i mbikëqyrjes në procedurën e kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, është i obliguar që të mundësojë kryerje të kontrollit inspektues, kur ekziston dyshim i bazuar se në hapësirat dhe objektet e tij, kryhet veprimtari ose gjenden sende të cilat janë të lidhura me mbikëqyrjen inspektuese.

Nëse personi nga paragrafi (1) i këtij neni nuk lejon kryerjen e kontrollit inspektues, ndaj tij do të zbatohen autorizime të cilat inspektori i ka si ndaj subjektit të mbikëqyrjes.

## VII. PROCEDURA E KRYERJES SË MBIKËQYRJES INSPEKTUESE

**Llojet e mbikëqyrjes inspektuese**

**Neni 32**

Nëse me ligj nuk është rregulluar ndryshe, mbikëqyrjen inspektuese inspektori e kryen përmes:

- mbikëqyrjes së rregullt inspektuese,
- mbikëqyrjes së jashtëzakonshme inspektuese e
- mbikëqyrjes inspektuese kontrolluese.

Mbikëqyrja e rregullt inspektuese është mbikëqyrje e paralajmëruar e cila kryhet në bazë të programit për punë të shërbimeve inspektuese dhe përfshin mbikëqyrjen e zbatimit të ligjeve dhe dispozitave të miratuara në bazë të ligjeve.

Mbikëqyrja e jashtëzakonshme inspektuese është mbikëqyrje e paparalajmëruar dhe kryhet mbi bazë të iniciativës së parashtruar nga organet shtetërore, personat fizikë ose juridikë, si dhe në rast të dyshimit të inspektorit (me detyrë zyrtare).

Mbikëqyrja inspektuese kontrolluese kryhet pas kalimit të afatit të përcaktuar në aktin inspektues të miratuar nga ana e inspektorit, me ç'rast inspektori gjatë

инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по инспекцискиот акт во целост,
- делумно постапил по инспекцискиот акт или
- не постапил по инспекцискиот акт.

Непостапувањето, односно делумното постапување по инспекцискиот акт претставува основа за примена на инспекциските мерки во согласност со закон.

**Вршење на надзор без присуство на субјектите на надзорот**

**Член 33**

Ако инспекторот на денот на кој го најавил инспекцискиот надзор, не го затече одговорното лице кај субјектот на надзорот или физичкото лице кај кое е потребно да се изврши инспекцискиот надзор, инспекторот на местото на надзорот ќе му остави покана во определено време да биде присутен заради вршење на надзорот.

Подоцнежното оштетување, уништување или отстранување на поканата не влијае на уредноста на доставувањето.

Ако лицето од ставот (1) на овој член не се јави на поканата, инспекторот ќе изврши надзор во присуство на службено или друго лице.

**Попречување на инспекторот**

**Член 34**

Инспекторот ќе го предупреди или ќе го отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.

Ако инспекторот процени дека инспекцискиот надзор не може да се изврши ни со преземање на мерките од ставот (1) на овој член, ќе побара асистенција од орган на државната управа под услови и во постапка утврдена со закон.

**Соработка со орган на државната управа или правно лице**

**Член 35**

Инспекторотот при вршењето на инспекцискиот надзор има право од орган на државната управа или

përcaktimit të situatës faktike, do të konstatojë se subjekti i mbikëqyrjes:

- ka vepruar sipas aktit inspektues në tërësi,
- ka vepruar pjesërisht sipas aktit inspektues, ose
- nuk ka vepruar sipas aktit inspektues.

Mosveprimi, përkatësisht veprimi i pjesërishëm sipas aktit inspektues, paraqet bazë për zbatimin e masave inspektuese në pajtueshmëri me ligjin.

**Kryerja e mbikëqyrjes pa praninë e subjekteve të mbikëqyrjes**

**Neni 33**

Nëse inspektori në ditën kur e ka paralajmëruar mbikëqyrjen inspektuese, nuk e gjen personin përgjegjës te subjekti i mbikëqyrjes ose te personi fizik tek i cili është e nevojshme të kryhet mbikëqyrje inspektuese, inspektori në vendin e mbikëqyrjes do t'i lë ftesë që në kohë të caktuar të jetë i pranishëm për shkak të kryerjes së mbikëqyrjes.

Dëmtimi, shkatërrimi ose mënjanimi i mëvonshëm i ftesës nuk ndikon në rregullshmërinë e dorëzimit.

Nëse personi nga paragrafi (1) i këtij neni nuk i përgjigjet ftesës, inspektori do të kryejë mbikëqyrje në prani të personit zyrtar ose personit tjetër.

**Pengimi i inspektorit**

**Neni 34**

Inspektori do ta paralajmërojë ose do ta largojë personin i cili e pengon kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese.

Nëse inspektori vlerëson se mbikëqyrja inspektuese nuk mund të kryhet as me ndërmarrjen e masave nga paragrafi (1) i këtij neni, do të kërkojë ndihmë nga organi i administratës shtetërore në kushte dhe nëprocedurë të përcaktuar me ligj.

**Bashkëpunimi me organet e administratës shtetërore ose me personin juridik**

**Neni 35**

Inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese ka të drejtë nga organet e administratës

правно лице кое води регистар да побара податок, како и асистенција од орган на државната управа заради спроведување на инспекцискиот надзор.

Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да соработуваат со инспекторот.

**Соработка со другите институции**

**Член 36**

Инспекторот може, во рамките на инспекциската постапка, да побара мислење и соработка од стручни институции, доколку тоа е потребно за правилно утврдување и процена на фактичката состојба.

**Записник**

**Член 37**

За извршениот инспекциски надзор, инспекторот по правило составува записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор.

Инспекторот и субјектот на надзорот го потпишуваат записникот по завршувањето на инспекцискиот надзор. На субјектот на надзорот му се предава примерок од записникот.

По исклучок од ставот (1) на овој член, кога поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околности не е можно да се состави записник во текот на инспекцискиот надзор, записникот се составува во службените простории на инспекциската служба во рок од три дена од денот на надзорот со образложение за причините за тоа.

Примерок од записникот од ставот (3) на овој член му се доставува на потпишување до субјектот на надзорот. Доколку субјетот на надзорот во рок од осум дена од денот на приемот на записникот не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан на инспекторот, се смета дека субјектот на надзорот е согласен со записникот од извршениот инспекциски надзор.

Ако субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе ги наведе причините за одбивањето.

Во записникот се внесува назив на инспекциската служба која го врши надзорот, местото, денот и часот кога се врши надзорот, предметот на надзорот, имињата на инспекторите, на присутните

shtetërore ose personi juridik i cili mban regjistër, të kërkojë të dhëna, si dhe ndihmë nga organet e administratës shtetërore për kryerje të mbikëqyrjes inspektuese.

Subjektet nga paragrafi (1) i këtij neni, janë të obliguar që të bashkëpunojnë me inspektorin.

**Bashkëpunimi me institucionet tjera**

**Neni 36**

Inspektori mundet në kuadër të procedurës inspektuese, të kërkojë mendim dhe bashkëpunim nga institucionet profesionale, nëse kjo është e nevojshme për përcaktim dhe vlerësim të drejtë të gjendjes faktike.

**Procesverbali**

**Neni 37**

Për mbikëqyrjen e kryer inspektuese, inspektori sipas rregullës përgatit procesverbal në vendin e kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

Inspektori dhe subjekti i mbikëqyrjes inspektuese e nënshkruajnë procesverbalin pas kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese. Subjektit të mbikëqyrjes i dorëzohet ekzemplar nga procesverbali.

Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, kur për shkak të vëllimit dhe ndërlikueshmërisë së mbikëqyrjes inspektuese, natyrës së saj dhe rrethanave nuk është e mundur që të përgatitet procesverbali gjatë mbikëqyrjes inspektuese, procesverbali përgatitet në hapësirat zyrtare të shërbimit inspektues në afat prej tri ditësh nga dita e mbikëqyrjes me arsyetim për arsyet për këtë.

Ekzemplari nga procesverbali nga paragrafi (3) i këtij neni, i dorëzohet për nënshkrim subjektit të mbikëqyrjes. Nëse subjekti i mbikëqyrjes në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të procesverbalit nuk prononcohet në lidhje me procesverbalin e dorëzuar, ose nuk ia kthen të nënshkruar inspektorit, konsiderohet se subjekti i mbikëqyrjes është pajtuar me procesverbalin nga mbikëqyrja e kryer inspektuese.

Nëse subjekti i mbikëqyrjes refuzon ta nënshkruajë procesverbalin, inspektori do t'i theksojë arsyet për refuzimin.

Në procesverbal shënohet emri i shërbimit inspektues i cili e kryen mbikëqyrjen, vendi, dita dhe ora kur kryhet mbikëqyrja, lënda e mbikëqyrjes, emrat e

лица и на нивните застапници и полномошници.

Записникот мора да биде составен јасно и разбирливо, а по барање на субјектот на надзорот должен е во рок од пет дена да му го достави по електронска пошта на адреса определена од страна на субјектот на надзорот.

Записникот треба да содржи приказ на утврдената фактичка состојба при инспекцискиот надзор.

Формата и задолжителните елементи на записникот од извршениот инспекциски надзор ги пропишува министерот за инфроматичко општество и администрација.

**Констатирање на фактите во текот на постапката**

**Член 38**

Во записникот за извршениот инспекциски надзор се констатираат забелешките, изјавите и други релевантни факти и околности.

**Инспекциски надзор кај непознати субјекти**

**Член 39**

Во случаите кога инспекторот не може да утврди кој е субјектот на надзорот во постапката, инспекторот на местото на надзорот ќе остави покана до непознат субјект на надзорот во определен ден и час да биде присутен на вршењето на инспекцискиот надзор.

Ако непознатиот субјект на надзорот не се јави на поканата од ставот (1) на овој член, инспекцискиот надзор ќе се изврши без присуство на субјектот на надзорот во присуство на службено или друго лице.

**Заклучок и решение**

**Член 40**

Во постапката на инспекцискиот надзор инспекторот донесува заклучок и решение.

Формата и задолжителните елементи на заклучокот и решението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за инфроматичко општество и администрација.

inspektorëve, të personave të pranishëm dhe të përfaqësuesve të tyre dhe të autorizuarit.

Procesverbali doemos duhet të hartohet në mënyrë të qartë dhe të kuptueshme e me kërkesë të subjektit të mbikëqyrjes detyrohet që në afat prej pesë ditësh t'ia dorëzojë me postë elektronike në adresën e caktuar nga subjekti i mbikëqyrjes.

Procesverbali duhet të përmbajë pasqyrim për gjendjen faktike të konstatuar gjatë mbikëqyrjes inspektuese.

Formën dhe elementet obliguese të procesverbalit nga mbikëqyrja e kryer inspektuese, i përcakton ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

**Konstatimi i fakteve gjatë procedurës**

**Neni 38**

Në procesverbalin për kryerje të mbikëqyrjes inspektuese konstatohen vërejtjet, deklaratat dhe rrethanat dhe faktet tjera relevante.

**Mbikëqyrje inspektuese te subjektet e panjohura**

**Neni 39**

Në rastet kur inspektori nuk mund të përcaktojë se cili është subjekti i mbikëqyrjes në procedurë, inspektori në vendin e mbikëqyrjes do t'i dorëzojë ftesë subjektit të panjohur të mbikëqyrjes që në ditën dhe orën e caktuar të jetë i pranishëm në kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese.

Nëse subjekti i panjohur i mbikëqyrjes nuk i përgjigjet ftesës nga paragrafi (1) të këtij neni, mbikëqyrja inspektuese do të kryhet pa praninë e subjektit të mbikëqyrjes në prani të personit zyrtar ose personit tjetër.

**Konkluzioni dhe aktvendimi**

**Neni 40**

Në procedurën e mbikëqyrjes inspektuese inspektori miraton konkluzion dhe aktvendim.

Formën dhe elementet e obligueshme të konkluzionit dhe aktvendimit nga paragrafi (1) i këtij neni, i përcakton ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

**Заклучок**

**Член 41**

Со заклучок се решава за прашањата на постапката што ќе се појават во текот на инспекцискиот надзор.

Писмен заклучок се донесува само во случаите кога на заклучокот е дозволена жалба.

Заклучокот од ставот (2) на овој член не се донесува ако субјектот на надзорот се откаже од правото на жалба на записник.

Ако при инспекцискиот надзор не се утврдени недостатоци или утврдените недостатоци се отстранети во текот на инспекцискиот надзор, односно до донесувањето на заклучокот од ставот (2) на овој член, инспекторот за тоа задолжително донесува заклучок за запирање на постапката.

Против заклучокот од ставот (4) на овој член незадоволната странка има право на жалба или друг вид правна заштита во согласност со закон.

**Решение**

**Член 42**

Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој треба да се отстрани недостатокот.

Ако со закон е предвидено дека за утврдената неправилност може да се определи инспекциска мерка, инспекторот е должен со решението да ја определи таа мерка.

Инспекторот решението од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот, ако со закон не е определен пократок рок.

По исклучок од ставот (1) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциски мерки со усно решение на записник, кога ќе оцени дека тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на  луѓето, имотот од поголема вредност или кога е во прашање заштита на друг вид на јавен интерес.

Во случајот од ставот (4) на овој член инспекторот е должен во рок од три дена од денот на изрекување на усното решение да донесе писмено

**Konkluzioni**

**Neni 41**

Me konkluzion vendoset për çështjet e procedurës që do të paraqiten gjatë mbikëqyrjes inspektuese.

Konkluzion me shkrim miratohet vetëm në rastet kur për konkluzionin lejohet ankesë.

Konkluzioni nga paragrafi (2) i këtij neni, nuk miratohet nëse subjekti i mbikëqyrjes tërhiqet nga e drejta e ankesës në procesverbal.

Nëse gjatë mbikëqyrjes inspektuese nuk konstatohen mangësi apo mangësitë e konstatuara janë mënjanuar gjatë mbikëqyrjes inspektuese, përkatësisht deri në miratimin e konkluzionit nga paragrafi (2) i këtij neni, inspektori për këtë është i obliguar që të miratojë konkluzion për ndalimin e procedurës.

Kundër konkluzionit nga paragrafi (4) i këtij neni, pala e pakënaqur ka të drejtë në ankesë ose lloj tjetër të mbrojtjes juridike në pajtueshmëri me ligj.

**Aktvendimi**

**Neni 42**

Nëse inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese konstaton se është shkelur ligji ose rregull tjetër, me procesverbal i konstaton parregullsitë e konfirmuara dhe me vendim e përcakton afatin në të cilin mangësia duhet të mënjanohet.

Nëse me ligj është e paraparë që për parregullsinë e konstatuar mund të përcaktohet masë inspektuese, inspektori është i obliguar që me aktvendim ta përcaktojë atë masë.

Inspektori aktvendimin nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, në bazë të fakteve të konstatuara me mbikëqyrjen, do ta miratojë pa prolongim, ndërsa më së voni në afat prej tetë ditësh nga përfundimi i mbikëqyrjes, nëse me ligj nuk është përcaktuar afat më i shkurtër.

Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, inspektori mund të shqiptojë masa inspektuese me vendim gojor në procesverbal, kur do të vlerësojë se kjo është e domosdoshme për mënjanimin e rrezikut të drejtpërdrejtë të jetës dhe shëndetit të njerëzve, pronës me vlerë më të madhe, ose kur është në pyetje mbrojtja e llojit tjetër të interesit publik.

Në rastin nga paragrafi (4) i këtij neni, inspektori është i obliguar që në afat prej tri ditësh nga dita e shqiptimit të vendimit gojor të miratojë aktvendim me

решение.

**Правно средство**

**Член 43**

